РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ ЗА **ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ** ВО ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ ОД 2014 ГОДИНА

2014

Содржина:

1. Вовед ... 6
1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2014 година ... 8
2. Фиксна телефонија ... 10
2.1 Вкупен број на фиксни линии ... 13
2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици ... 14
2.3 Вкупен обем на телефонски сообраќај (минути) со услугите избор и предизбор на оператор. ... 14
2.4 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација ... 14
3. Мобилна телефонија ... 20
3.1 Број на активни претплатници ... 22
3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали ... 24
3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник ... 26
3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај ... 27
3.5 Испратени СМС и ММС пораки ... 31
4. Пристап до интернет ... 34
5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ... 40
6. Изнајмени линии ... 43
7. Преносливост на броеви ... 45
8. Пакети на услуги ... 47
9. Нотифицирани оператори/ даватели на услуги ... 51

Содржина: Графикони и табели

Графикон 1 Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2014 година) 7
Графикон 2 Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали 15
Графикон 3 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 31.12.2014 година) 17
Графикон 4 Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницирани од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2014 година. 17
Графикон 5 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницирани од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2014 година. 18
Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2014 и 2013 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 22
Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во четвртиот квартал од 2014 година 23
Графикон 8-Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2014 година 24

Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2014 година 25
Графикон 10-Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2014 и 2013 година 26
Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницира од јавни мобилни мрежи по квартали во 2014 и 2013 година 27
Графикон 12-Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.12.2014 година) 28
Графикон 13-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницира од јавна мобилна комуникациска мрежа во четвртиот и третиот квартал од 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година 29
Графикон 14 -Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во четвртиот и третиот квартал од 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година. 30
Графикон 15-Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во четвртиот квартал од 2014 година 31
Графикон 16-Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во четвртиот квартал од 2014 година 31
Графикон 17-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (големопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2014 година 33
Графикон 18-Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во четвртиот квартал од 2014 година 38
Графикон 19- Удел според бројот на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег по оператор на 31.12.2014 година 39
Графикон 20-Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во четвртиот квартал од 2014 година 42
Графикон 21-Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во четвртиот квартал од 2014 година 42
Графикон 22-Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) до 31.12.2014 година 45
Графикон 23- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во фиксни мрежи (состојба на ден 31.12.2014 година) 46
Графикон 24- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во мобилни мрежи (состојба на ден 31.12.2014 година) 46
Графикон 25- Сооднос претплатници на поединечна услуга и услуга врзана во пакет (состојба на ден 31.12.2014 година) 48
Графикон 26-Удел по оператори според број на претплатници кои користат две електронски комуникациски услуги врзани во пакет во четвртиот квартал 2014 година 49
Графикон 27– Удел по оператори според број на претплатници кои користат три електронски комуникациски услуги врзани во пакет во четвртиот квартал 2014 година 49

Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти....6
Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2014 година....8
Табела 3 Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација *....11
Табела 4 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.12.2014 година)....16

Табела 5 Просечно времетраење на иницран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2014 и 2013 година 19
Табела 6 Индикатори- мобилна телефонија 20
Табела 7 Просечно времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор 30
Табела 8 Индикатор- Големопродажба 32
Табела 9 Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег 36
Табела 10 Индикатори – Број на активни претплатници на широкопојасен пристап на интернет по пристапна брзина за четвртиот квартал од 2014 година 38
Табела 11 Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници 41
Табела 12 Индикатори- изнајмени линии 43
Табела 13 - Индикатори – Број на изнајмени линии на големопродажно ниво 44
Табела 14 - Индикатори – Услуги врзани во пакет 47

Извештајот е од информативна природа. Истиот се базира на редовно собрани информации и финансиски податоци доставени до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на секои три месеци во форма на квартални извештаи за обезбедување на релевантни услуги согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување донесено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 03.09.2013 година. Во извештајот се презентирани показатели кои се однесуваат исклучиво на состојбата на пазарот во наведеното тромесечје. АЕК не превзема одговорност за квалитетот на извештајот со податоци кои ги добива од операторите/давателите на услуги. Во некои случаи АЕК не може да ги утврди неправилностите во извештаите/ податоците се додека не направи споредба на повеќе последователни тромесечја. Врз основа на тоа, АЕК напоменува дека во сите табели се можни мали отстапувања од вистинитите податоци.

1. Вовед

Извештајот за развојот на пазарот на електронски комуникации е изготвен врз основа на информациите и податоците доставени од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги во форма на квартални извештаи согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување 1303-1495/2 од 03.09.2013 година како и други податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК).

Согласно службената евиденција на АЕК за нотифицирани и активни учесници на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во четвртиот квартал од 2014 година се содржани следниве податоци:

<u>Табела 1</u> Листа на услуги за нотификација на субјекти

Услуги за нотификација на субјекти		
У1	Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај	
	Нотифицирани -38	**Активни – 33**
У2	Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа за национален и/или меѓународен сообраќај	
	Нотифицирани – 6	**Активни - 4**
У3	Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај	
	Нотифицирани – 19	**Активни – 16**
У4	Услуги за пренос на податоци и тоа со: теснопојасен пристап на Интернет или широкопојасен пристап на Интернет (битска брзина ≥ 256 kbit/s)	
	Нотифицирани – 115	**Активни - 111**
У5	Услуги поврзани со радиодифузија, како што се: пренос на терестријални радио програмски сервиси, пренос на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси	
	Нотифицирани – 78	**Активни - 75**
У6	Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем, како што се изнајмени линии	
	Нотифицирани – 67	**Активни - 25**
У7	Други услуги	
	Нотифицирани – 14	**Активни – 14**



<u>Графикон 1</u> Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2014 година)

1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2014 година

Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во четвртиот квартал од 2014 година

	ИНДИКАТОР	Q4 2014	Q3 2014	Промена (%)	Q4 2013	Промена (%)
1.	Вкупен број на фиксни линии (сите технологии)	383.590	386.380	-0,72%	396.523	-3,26%
2.	Број на фиксни линии според популација 100	18,59	18,73	-0,75%	19,22	-3,28%
3.	Вкупен број на активни претплатници во мобилна телефонија	2.224.439	2.300.305	-3,30%	2.237.250	-0,57%
4.	Број на активни претплатници во мобилна телефонија според популација 100	107,86	111,54	-3,30%	108,48	-0,57%
5.	Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатници преку мобилни мрежи)	354.094	341.373	3,73%	338.486	4,61%
6.	Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилни мрежи (2G/3G)	1.044.172	1.005.241	3,87%	801.669	30,25%
7.	Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги	358.833	342.123	4,88%	339.923	5,56%

Во табелата 2 се дадени главните индикатори за пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за четвртиот и третиот квартал во 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година, како и промената изразена во проценти.

Вредноста на показателите број на активни претплатници според популација 100, дадени во табелата 2 за четвртиот и третиот квартал од 2014 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2012 година која изнесува 2.062.722 жители додека за четвртиот

квартал од 2013 година е пресметан според проценката од 31.12.2011 година која изнесува 2.059.794 жители.

При презентирање на бројот на активни линии/бројот на претплатници од особено значење е дефиницијата на активни претплатници особено од аспект на временскиот период релевантен за дефинирање на активен претплатник кој се движи во рамки од 3 месеци до 12 месеци. Во целиот извештај податоците за бројот на активни линии/претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Дефинициите за активен претплатник на релевантна услуга се дадени во Упатството за обезбедување на информации и податоци за анализа на пазар.

2. Фиксна телефонија

Од 38 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во четвртиот квартал од 2014 година година 33 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. Оне- Скопје,
3. Близу- Скопје,
4. Роби- Штип,
5. Неотел- Скопје,
6. Инфел Нет Плус- Охрид,
7. Т-Мобиле- Скопје,
8. Актон-Скопје,
9. Пц4алл- Скопје,
10. Туше- Охрид,
11. Инсиде- Охрид,
12. Нетплус- Охрид,
13. Спајдер компјутери-Струга,
14. Албан Нет- Дебар,
15. Мемтел- Ресен,
16. М- Инженеринг- Штип,
17. Нетплус комуникации- Скопје,
18. Дип блу плус- Прилеп,
19. Сторк Импекс- Скопје,
20. Ариста системи- Струмица,
21. Ибо конекцион- Прилеп,
22. Турк Телеком Интернатионал - Скопје,
23. ГИВ Иван- Гостивар,
24. Нет Кабел- Струмица,
25. Телесмарт Телеком- Скопје,
26. Алтар Сат-Охрид,
27. Санет Кабелсат-Струмица,
28. Нет Конект-Скопје,
29. Кабле Калл – Кичево,
30. Ријад нет – Дебар,
31. ФНС Глобал – Скопје,
32. Сан Вајрлесс – Скопје,
33. Вип Оператор – Скопје.

<u>Табела 3</u> Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација *

ИНДИКАТОР		Q4 2014	Q3 2014	Промена (%)	Q4 2013	Промена (%)
1.	Вкупен број на фиксни линии (сите технологии)	383.590	386.380	-0,72%	396.523	-3,26%
-резиденцијални		342.136	344.893	-0,80%	354.523	-3,49%
-деловни		41.454	41.487	-0,08%	42.000	-1,30%
2.	Поделба на фиксни линии -според технологии	383.590	386.380	-0,72%	396.523	-3,26%
2.1.	Бакар аналогни PSTN линии	12.718	14.720	-13,60%	23.810	-46,59%
-резиденцијални		11.247	13.198	-14,78%	21.964	-48,79%
-деловни		1.471	1.522	-3,35%	1.846	-20,31%
2.2.	Бакар ISDN линии	274	297	-7,74%	318	-13,84%
-резиденцијални		0	0	/	0	/
-деловни		274	297	-7,74%	318	-13,84%
2.3.	Бакар ISDN BRA линии	251	272	-7,72%	240	4,58%
-резиденцијални		0	0	0,00%	0	#DIV/0!
-деловни		251	272	-7,72%	240	4,58%
2.4.	Телефонска линија со 2 канали - бак	6.963	7.259	-4,08%	/	/
-резиденцијални		92	103	-10,68%	/	/
-деловни		6.844	7.156	-4,36%	/	/
2.5.	Бакар ISDN PRA-линии	23	25	-8,00%	78	-70,51%
-деловни		23	25	-8,00%	78	-70,51%
2.6.	Телефоска линија со 10, 20 и 30 канали- бакар VoIP	346	351	-1,42%	/	/
-деловни		346	351	-1,42%	/	/
2.7	Бакар (VoIP)	233.916	235.491	-0,67%	244.451	-4,31%
-резиденцијални		209.357	211.021	-0,79%	211.626	-1,07%
-деловни		24.559	24.470	0,36%	32.825	-25,18%
2.8.	Линии преку безжични технологии	29.498	30.749	-4,07%	33.730	-12,55%
-резиденцијални		28.237	29.486	-4,24%	32.413	-12,88%
-деловни		1.261	1.263	-0,16%	1.317	-4,25%
2.8.1	WiMax (VoIP)	663	675	-1,78%	691	-4,05%
-резиденцијални		350	361	-3,05%	399	-12,28%
-деловни		313	314	-0,32%	292	7,19%
2.8.2	Преку мобилни комуникациски мрежи	28.481	29.716	-4,16%	32.687	-12,87%
-резиденцијални		27.606	28.833	-4,26%	31.731	-13,00%
-деловни		875	883	-0,91%	956	-8,47%
2.8.3	Wi-Fi (VoIP)	354	358	-1,12%	352	0,57%
-резиденцијални		281	289	-2,77%	283	-0,71%
-деловни		73	67	8,96%	69	5,80%

* Во табелата бр.3 историските податоци (во делот поделба по технологија) се разликуваат од оние објавени во Извештаите за развој на пазарот за четвртиот квартал од 2013 год. поради промената на обрасците за квартални извештаи и поради корекцијата на историските податоци од страна на операторите/давателите на услуги.

ИНДИКАТОР		Q4 2014	Q3 2014	Промена (%)	Q4 2013	Промена (%)
2.9.	Линии преку коаксијална мрежа (VoIP)	55.675	54.321	2,49%	52.208	6,64%
-резиденцијални		52.563	51.324	2,41%	49.464	6,27%
-деловни		3.112	2.997	3,84%	2.744	13,41%
2.10	LAN (VoIP)	31.017	30.626	1,28%	30.330	2,27%
-резиденцијални		29.563	29.209	1,21%	28.965	2,06%
-деловни		1.454	1.417	2,61%	1.365	6,52%
2.11	FTTx (VoIP)	13.210	12.566	5,12%	11.676	13,14%
-резиденцијални		11.077	10.552	4,98%	10.091	9,77%
-деловни		2.133	2.014	5,91%	1.585	34,57%
3.	Вкупен број на корисници на услуга избор на оператор	/	/	/	/	/
4.	Вкупен број на корисници на услуга предизбор на оператор	16.535	17.825	-7,24%	19.901	-16,91%
5.	Вкупен број на повици	39.509.552	41.097.523	-3,86%	51.817.845	-23,75%
-број на повици во сопствена мрежа		23.778.379	24.694.871	-3,71%	32.151.185	-26,04%
-број на повици кон други фиксни мрежи во РМ		9.760.875	10.001.653	-2,41%	12.485.724	-21,82%
-број на повици кон мобилни мрежи во РМ		5.155.325	5.429.139	-5,04%	6.180.371	-16,59%
-број на повици кон мрежи во странски држави		814.973	971.860	-16,14%	1.000.565	-18,55%
6.	Вкупен обем на телефонски сообраќај (во минути)	99.254.468	100.734.364	-1,47%	127.672.111	-22,26%
-Вкупен сообраќај во сопствена мрежа		61.165.559	62.031.380	-1,40%	80.740.869	-24,24%
-Вкупен сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ		27.230.687	27.188.659	0,15%	34.473.902	-21,01%
-Вкупен сообраќај кон мобилни мрежи во РМ		7.937.741	7.705.253	3,02%	8.992.040	-11,72%
-Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави		2.920.481	3.809.072	-23,33%	3.465.300	-15,72%
7	Вкупен обем на сообраќај со услугата избор и предизбор на оператор	2.685.791	2.485.357	8,06%	4.509.006	-40,43%
8	Вкупен обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација (во минути) (локално,регионално и национално завршување на повик)	64.704.423	55.213.180	17,19%	71.858.202	-9,96%
9	Вкупен обем на телефонски сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација (во минути) единечен и двоен транзит	5.145.215	5.292.291	-2,78%	5.972.040	-13,84%

2.1 Вкупен број на фиксни линии

Вкупниот број на фиксни линии претставени во табелата 3 се дадени по технологии и број на фиксни линии по видот на претплатници (резиденцијални или деловни). Во табела 3 е прикажана состојбата на пазарот на фиксна телефонија според број на фиксни линии (технологии и видови на претплатници) и реализиран телефонски сообраќај во број на повици и минути.

Од точка бр.1 од табелата може да се забележи дека на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација бројот на фиксни линии (сите технологии) во четвртиот квартал од 2014 година е намален за 0,72% во споредба со третиот квартал од 2014 година додека пак споредено со четвртиот квартал од 2013 година бројот е намален за 3,26%.

Македонски Телеком ја трансформира постојната традиционална мрежа во конвергирана мрежа целосно базирана на IP. Согласно оваа миграција која се направи во периодот 2011-2013 Македонски Телеком ги отстрани сите локални и регионални централи и направи замена во целосно базирани IP-мрежни елементи. На страна на корисниците, Македонски Телеком ја реализира миграцијата преку инсталирање на уреди за интегриран пристап (IAD – Integrated Access Device) на кои што се приклучува стандардниот телефонски уред, така да корисникот нема потреба да го заменува традиционалниот телефонски уред. Така да оваа миграција има значителни ефекти во намалувањето на аналогните телефонски линии, како и во зголемувањето на VoIP линиите.

Поради ова бројот на PSTN линиите во однос на претходниот квартал е намален за 13,60% додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година ова намалување изнесува 46,59%, бројот на ISDN линиите бележат намалување од 7,74% во однос на третиот квартал од 2014 година додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година се забележува намалување од 13,84%. Бројот на (VoIP) линии преку бакарна мрежа се намалил за 4,31% за периодот од една година.

Како што може да се забележи од табелата бројот на линии преку безжични технологии во четвртиот квартал од 2014 година изнесува 29.498 односно може да се забележи пад од 4,07% во однос на претходниот квартал и пад од 12,55% во однос на четвртиот квартал од 2013 година.

Линиите преку коаксијална мрежа (VoIP) бележат раст од 2,49% во однос на претходниот квартал додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година се забележува раст од 6,64%.

Бројот на линии преку LAN мрежа изнесува 31.017 и бележи раст од 1,28% во однос на третиот квартал од 2014 година додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година се забележува раст од 2,27%.

Голем дел од кабелските оператори ја изнајмуваат својата мрежа на нотифицираните оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија и ја обезбедуваат услугата на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Така на операторот Неотел неколку кабелски оператори кои дејствуваат на определени подрачја во Република Македонија му ја изнајмуваат својата мрежа како на пример: Кабел Нет- Прилеп, Канал 16- Ресен, Г-КТВ-Струга, Спајдер- Гевгелија, Винсат- Виница, То-ми- Радовиш, Пирамида- Делчево, Вива Нет-Берово, Инел Техник- Кавадарци и други.

Како што може да се забележи од табелата во четвртиот квартал од 2014 година бројот на линии преку оптичка мрежа (FTTH) кој изнесува 13.210 бележи раст од 13,14 % за период од една година додека за периодот од еден квартал се забележува раст од 5,12%.

Т-Мобиле им понуди на своите претплатници пакети кои содржат пристап до мрежа на фиксна локација и јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација. Пристапот до мрежа на фиксна локација Т-Мобиле го нуди користејќи ја услугата предизбор на оператор.

Бројот на претплатници кои ја користат услугата предизбор на оператор од сите алтернативни оператори во РМ изнесува 16.535 во четвртиот квартал од 2014 година.

2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици

Во точка бр.6 од табелата е даден вкупниот појдовен сообраќај во минути на пазарот на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација. Имено, и покрај тоа што на пазарот понудата се зголемува односно работат повеќе оператори кои нудат различни услуги до крајните корисници целокупниот обем на сообраќај во четвртиот квартал од 2014 година во однос на истиот од претходната година бележи опаѓање за 22,26%, додека во однос на третиот квартал од 2014 година бележи опаѓање од 1,47%. Истото се забележува и во однос на вкупниот број на појдовни повици, тој параметар во однос на четвртиот квартал од 2013 година е намален за 23,75%, додека во однос на третиот квартал од 2014 година бројот на повици е намален за 3,86%.

2.3 Вкупен обем на телефонски сообраќај (минути) со услугите избор и предизбор на оператор.

Во точка бр.7 од табелата е даден вкупниот обем на сообраќај со услугата избор на оператор и предизбор на оператор кој изнесува 2.685.791 минути односно во однос на претходниот квартал се забележува раст на сообраќајот од 8,06% додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година има намалување од 40,43%.

2.4 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација.

Во точка бр.8 од табелата е даден вкупниот обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација кој во четвртиот квартал од 2014 година изнесува 64.704.423 минути, односно забележува раст од 17,19% во однос на претходниот квартал и пад од 9,96% во однос на четвртиот квартал од 2013 година. Во точка бр.9 од табелата е даден сообраќајот кој што транзитира низ мрежи на фиксна локација (единечен и двоен транзит) во четвртиот квартал од 2014 година изнесува 5.145.215 минути и во однос на претходниот квартал бележи пад од 2,78% додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година пад од 13,84%.



<u>Графикон 2</u> Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали

Во графиконот бр.2 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација во текот на сите четри квартали од 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година. Воочливо е дека бројот на фиксни линии според популација 100 во погоре прикажаните пет квартали континуирано се намалува од четвртиот квартал од 2013 година кога изнесува 19,22% до истиот квартал од наредната година кога вредноста опаѓа до 18,59%.

Вредноста на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 во четирите квартали од 2014 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2012 година која изнесува 2.062.722 жители додека за четвртиот квартал од 2013 година е пресметан според проценката од 31.12.2011 година која изнесува 2.059.794 жители.

Бр.	ОПЕРАТОР	Q4 2014	Q3 2014	Разлика (%)	Q4 2013	Разлика (%)
1	Македонски Телеком	58,81%	59,45%	-0,64%	62,65%	-3,84%
2	ОНЕ	15,45%	15,69%	-0,24%	16,00%	-0,55%
3	Неотел	4,04%	4,07%	-0,03%	3,99%	0,05%
4	Роби	6,38%	6,14%	0,24%	5,60%	0,78%
5	Близу	11,15%	10,78%	0,37%	10,33%	0,82%
6	Инфел Нет Плус	1,23%	1,20%	0,03%	1,13%	0,10%
7	Т-Мобиле	2,87%	2,61%	0,26%	0,27%	2,60%
8	ГИВ Иван	0,03%	0,03%	0,00%	0,02%	0,01%
9	Алтра Сат 2000*	0,02%	0,02%	0,00%	/	/
10	Кабле Калл*	0,02%	0,01%	0,01%	/	/
		Q4 2014	Q3 2014	Промена (%)	Q4 2013	Промена (%)
СМП оператор		58,81%	59,45%	+/-0,64%	62,65%	+/-3,84%
Алтернативни оператори		41,19%	40,55%		37,35%	

<u>Табела 4</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.12.2014 година)

Во табелата 4 е прикажан уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според фиксни линии. Почнувајќи од вториот квартал во 2008 година на пазарот влегуваат најголем дел од алтернативните оператори/даватели на услуги кои со текот на времето го зголемуваат своето учество (според претплатници, приходи и сообраќај) на пазарот на фиксна телефонија, што не е исклучок и за 2014 година. Во четвртиот квартал од 2014 година уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според број на фиксни линии изнесува 41,19% што во однос на претходниот квартал преставува раст за 0,64 процентуални поени.



<u>Графикон 3</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 31.12.2014 година)

Во Графиконот бр. 3 е даден уделот на операторите/даватели на услуги според фиксни линии во четвртиот квартал од 2014 година. Во вкупниот број на фиксни линии учеството на Македонски Телеком (СМП Операторот) е 58,81%, додека од алтернативните оператори/ даватели на услуги најголемо учество има ОНЕ Оператор со 15,45%, понатаму следуваат: Близу (11,15%), Роби (6,38%), Неотел (4,04%), Т-Мобиле (2,87%), Инфел Нет Плус (1,23%), ГИВ Иван (0,03%), Алтра Сат 2000 (0,02%) и Кабле Калл (0,02%).



<u>Графикон 4</u> Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2014 година.

Во графиконот бр. 4 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна телефонска мрежа на фиксна локација по претплатник во четвртиот и третиот квартал од 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година. Како што може да се забележи од графиконот во четвртиот квартал од 2014 година претплатниците просечно иницирале 34,33 повици месечно. Најголем дел се остварува во сопствена мрежа и изнесува 20,66 повици (60,18%). Бројот на повици кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 8,48 повици (24,71%) додека пак кон мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесуваа 4,48 повици (13,05%) односно 0,71 повици (2,06%) кон мрежи во странски држави. Споредено со третиот квартал од 2014 година може да се забележи намалување на бројот на повици кон сите дестинации, при споредување со четвртиот квартал од 2013 година може да се забележи идентична ситуација односно намалување на бројот на повици кон сите дестинации.



<u>Графикон 5</u> Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот квартал од 2014 година.

Во графиконот бр. 5 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во четвртиот и третиот квартал од 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година. Како што може да се забележи од графиконот во четвртиот квартал од 2014 година претплатниците просечно зборуваат 86,25 минути. Најголем дел се остварува во сопствена мрежа и изнесува 53,15 минути (61,62%). Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 23,66 минути (27,44%) додека пак сообраќајот кон мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 6,90 минути (8,00%) односно 2,54 минути (2,94%) кон мрежи во странски држави. Споредено со третиот квартал од 2013 година може да се

забележи зголемување на волуменот на сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ и кон мобилни мрежи во РМ. Споредено со четвртиот квартал од 2013 година може да се забележи намалување на волуменот на сообраќај кон сите дестинации.

Бр.	ОПЕРАТОР	Q4 2014	Q3 2014	Промена (%)	Q4 2013	Промена (%)
1	Македонски Телеком	143	139	2,88%	141	1,42%
2	ОНЕ	174	170	2,35%	170	2,35%
3	Неотел	130	123	5,69%	128	1,56%
4	Роби	181	177	2,26%	175	3,43%
5	Близу	181	176	2,84%	177	2,26%
6	Инфел Нет Плус	196	147	33,33%	144	36,11%
7	Т-Мобиле	190	197	-3,55%	187	1,60%
8	ГИВ Иван	83	91	-8,79%	91	-8,79%
9	Алтра Сат 2000	109	117	-6,84%	/	/
10	Кабле Калл	51	73	-30,14%	/	/

Табела 5 Просечно времетраење на иницран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2014 и 2013 година

Во табела 5 е дадено просечното времетраење на иницран разговор по претплатник на сите оператори кои обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги на фиксни локации за четвртиот и третиот квартал од 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година, како и промената во проценти (%).

Истиот е пресметан врз основа на обемот на сообраќај од иницирани повици (во минути) поделен со бројот на повици кај релевантниот оператор. Како што може да се забележи од табелата во четвртиот квартал од 2014 година кај просечното времетраење на иницран разговор по претплатник во однос на претходниот квартал раст бележат сите оператори со исклучок на Т-Мобиле, ГИВ Иван, Алтра Сат 2000 и Кабле Калл. Од операторите кои бележат раст на просечното времетраење на иницран разговор по претплатник, најголем раст бележи Инфел Нет Плус од 33,33%.

3. Мобилна телефонија

Од 6 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во четвртиот квартал од 2014 година 4 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа за национален и/или меѓународен сообраќај, и тоа:

1. Т-Мобиле Скопје,
2. ОНЕ-Оператор Скопје,
3. ВИП Оператор Скопје,
4. Албафоне Скопје.

<u>Табела 6</u> Индикатори- мобилна телефонија

Бр	ИНДИКАТОР	Q4 2014	Q3 2014	Промена (%)	Q4 2013	Промена (%)
1.	Број на активни претплатници во мобилна телефонија	2.224.439	2.300.305	-3,30%	2.237.250	-0,57%
-резиденцијални при-пеид претплатници		1.234.726	1.337.757	-7,70%	1.329.512	-7,13%
-резиденцијални пост-пеид претплатници		697.954	686.733	1,63%	637.594	9,47%
-деловни пост-пеид претплатници		291.759	275.815	5,78%	270.144	8,00%
2.	Број на испратени SMS пораки	92.044.830	74.180.754	24,08%	91.609.749	0,47%
3.	Број на испратени MMS пораки	258.524	255.875	1,04%	232.522	11,18%
4.	Вкупен реализиран сообраќај (минути)	1.293.429.121	1.270.922.247	1,77%	1.206.434.555	7,21%
-Вкупен сообраќај во сопствена мобилна комуникациска мрежа		955.112.214	964.776.482	-1,00%	988.207.321	-3,35%
-Вкупен сообраќај кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ		299.732.399	264.236.843	13,43%	184.975.816	62,04%
-Вкупен сообраќај кон фиксни комуникациски мрежи во РМ		29.896.464	29.623.760	0,92%	24.818.437	20,46%
-Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави		6.378.731	8.032.204	-20,59%	6.486.781	-1,67%
-Вкупен сообраќај остварен од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата		2.309.313	4.252.958	-45,70%	1.946.200	18,66%
5.	Вкупен број на повици во мобилни комуникациски мрежи	670.245.218	672.318.015	-0,31%	653.049.377	2,63%
-Вкупен број на повици во сопствена мобилна комуникациска мрежа		479.453.145	492.633.723	-2,68%	512.641.729	-6,47%
-Вкупен број на повици кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ		170.695.914	158.536.391	7,67%	123.786.014	37,90%
-Вкупен број на повици кон фиксни комуникациски мрежи во РМ		16.887.439	16.767.561	0,71%	13.047.302	29,43%
-Вкупен број на повици кон мрежи во странски држави		3.208.702	4.380.340	-26,75%	3.574.332	-10,23%

Во Табела бр.6 се дадени индикатори од пазарот на мобилна телефонија - Малопродажба каде податоците се дадени за четвртиот и третиот квартал од 2014 и промената во % и четвртиот квартал од 2013 година и промената во %. Од неа се согледува процентуалниот пад од 3,30% на бројот на активни претплатници во мобилната телефонија во четвртиот квартал од 2014 во однос на претходниот квартал и падот од 0,57% во однос на истиот квартал од претходната година. Воочливо е дека поголемиот дел од резиденцијалните претплатници користат при-пеид услуги наспроти користењето на пост-пеид услугите. Бројот на пост-пеид претплатници се зголемува и тоа резиденцијалните пост-пеид претплатници бележат раст од 1,63% од претходниот квартал додека во однос на истиот квартал од претходната година се забележува раст од 9,47%, деловните бележат раст од 5,78% во однос на претходниот квартал додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година се забележува раст од 8,00%.

Од табелата може да се забележи зголемување на бројот на испратени СМС пораки во однос на претходниот квартал кое изнесува 24,08% додека во однос на четвртиот квартал од 2013 година исто така има зголемување од 0,47%. Кај вкупниот број на испратени ММС пораки во четвртиот квартал од 2014 година има раст од 1,04% во однос на претходниот квартал и раст од 11,18% споредено со четвртиот квартал од 2013 година.

Кај вкупно реализираниот сообраќај во минути има зголемување од 1,77% во однос на минатиот квартал и раст од 7,21% во однос на четвртиот квартал од 2013 година. Од вкупно реализираниот сообраќај во четвртиот квартал од 2014 година може да се забележи пад во однос на претходниот квартал на сообраќајот кон сите дестинации со исклучок на сообраќајот кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ каде се забележува раст од 13,43% и сообраќајот кон фиксни мрежи во РМ каде се забележува раст од 0,92%.

Кај вкупниот број на реализирани повици во мобилни комуникациски мрежи може да се забележи пад од 0,31% во однос на претходниот квартал и раст од 2,63% во однос на четвртиот квартал од 2013 година. Растот на бројот на повици во однос на претходниот квартал се забележува единствено кај бројот на повици кон други мобилни мрежи во РМ кој изнесува 7,67% и кај бројот на повици кон фиксни мрежи во РМ кој изнесува 0,71%.

3.1 Број на активни претплатници



Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2014 и 2013 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100

Во графиконот бр.6 е претставен бројот на активни претплатници во мобилна телефонија и бројот на активни претплатници според популација 100 во во текот на сите четри квартали од 2014 година и четвртиот квартал од 2013 година. Вредноста на индикаторот бројот на активни претплатници според популација 100 во четирите квартали од 2014 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2012 година која изнесува 2.062.294 жители додека за четвртиот квартал од 2013 годена е пресметан според проценката од 31.12.2011 година која изнесува 2.059.794 жители.

Воедно податоците за бројот на претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Под електронски комуникациски настан се смета повик, одговор на повик, испраќање на порака, испраќање на податоци (вклучително и GPRS) или вршење на други услуги (плаќање на месечна претплата, плаќање на ваучер за при-пеид и.т.н). На 31.12.2014 година четирите оператори имаат вкупно 2.224.439 активни претплатници.



Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во четвртиот квартал од 2014 година

Податоците од Графиконот бр.7 за уделот на мобилните оператори на пазарот на мобилна телефонија по број на активни претплатници (состојба на 31.12.2014 година) покажува дека Т-Мобиле учествува со 46,35%, ОНЕ Оператор учествува со 25,09%, ВИП Оператор учествува со 27,27% додека виртуелниот мобилниот оператор (препродажба) Албафон учествува со 1,29% во вкупниот број на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан.

3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали



Графикон 8-Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2014 година

Од графиконот бр.8 може да се види учеството на мобилните оператори пооделно за 2014 година. Од графиконот може да се забележи дека за период од четри квартали ОНЕ Оператор бележи раст од 1,49 процентуални поени, за истиот период Т-Мобиле бележи пад на пазарниот удел од 1,19 процентуални поени, ВИП Оператор бележи пад на пазарниот удел од 0,81 процентуален поен додека Албафоне бележи раст од 0,51 процентуални поени за период од четри квартали.



Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во четвртиот квартал од 2014 година

Во графиконот бр.9 е даден пазарниот удел на мобилните оператори во РМ во приходите остварени од обезбедување на мобилни комуникациски услуги на малопродажниот пазар за четвртиот квартал од 2014 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем пазарниот удел има Т-Мобиле од 49,45% потоа следува ВИП Оператор со 29,31%, ОНЕ Оператор со 20,97% и Албафоне 0,27%. Пазарните удели се пресметани за вкупниот приход кој претставува сума од приходи од: услуга за започнување на повик, од месечна претплата, од пренос на податоци, од терминална опрема, од СМС, од ММС, од роаминг (сообраќај, СМС и дата) и останати приходи.

3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник



Графикон 10-Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2014 и 2013 година

Во графиконот бр.10 е претставен соодносот на при-пеид и пост-пеид претплатниците за 2014 година и 2013 година. Од графиконот може да се забележи дека во прикажаниот период уделот на пост-пеид претплатниците се зголемил за 3,92 процентуални поени, аналогно за оваа вредност е намален уделот на при-пеид претплатниците во истиот период

3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај



	2013/4 квартал	2014/1 квартал	2014/2 квартал	2014/3 квартал	2014/4 квартал
Сообраќај во сопствена мрежа	988.207,3	958.374,2	990.196,0	964.776,4	955.112,1
Сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ	184.975,8	193.492,9	235.399,3	264.236,8	299.732,3
Сообраќај кон фиксни мрежи во РМ	24.818,4	24.494,1	27.220,5	29.623,7	29.896,4
Сообраќај кон мрежи во странски држави	6.486,7	6.036,7	6.798,9	8.032,2	6.378,7

Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницран од јавни мобилни мрежи по квартали во 2014 и 2013 година

Во Графиконот бр.11 е даден обемот на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницран од јавни мобилни мрежи во 2014 и 2013 година. Од графиконот може да се забележи поголем обем на појдовен сообраќај во сопствена мрежа отколку кон други мрежи но исто така може и да се забележи и континуиран раст во текот на сите четри квартали на сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ. Појдовниот сообраќај кон фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави е со значително помал обем.



